Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Republic of North Macedonia

**COMMISSION FOR RELATIONS WITH RELIGIOUS COMMUNITIES AND GROUPS**

Бр. 03-527/1
Скопје, 07.12.2021

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) и член 34 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) а во врска со член 4 став 1 алинеја 11 од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и Извадокот од Нацрт - записникот од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 септември 2021 година (Бр. 40-9972/1 од 21.09.2021 година), Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување на верификатор на процеси за обезбедување на електронски услуги**

1. Административниот службеник **Елена Стојанова**, вработена во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со звање Советник за односи со медиуми во Одделението за соработка со државни институции и документација и односи со јавност, Сектор за соработка со државни институции и документација и административна поддршка, се назначува за верификатор на процеси за обезбедување на електронски услуги.

2. Административниот службеник од точка 1 од ова решение работните задачи и обврски ќе ги извршува во согласност со Законот за електронско управување и електронски услуги, како и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

3. Административниот службеник од точка 1 од ова решение работните задачи и обврски ќе ги извршува совесно и одговорно за што навремено ќе го известува директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

4. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението со арх.бр. 03-441/1 донесено на 30.09.2021 година.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Согласно член 3 став (1) алинеја 11 од Законот за електронско управување и електронски услуги, верификатор на процеси за обезбедување на електронски услуги е вработено лице во надлежен орган или друг субјект, кој во името на надлежниот орган ги потврдува административните процеси кои се поврзани со услугите што ги обезбедува органот, врз основа на претходно овластување издадено од раководното лице на органот или друг субјект на вработениот за верификација на процеси.



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Врз основа на заклучоците од Нацрт - записникот од Сто и седмата седница поврзани со дигитална трансформација, Владата на Република Северна Македонија ги задолжува органите на државната управа до крајот на октомври 2021 година да ги внесат и верификуваат податоците за сите услуги кои ги нудат кон граѓаните и бизнисите во Каталогот на услуги согласно Законот за електронско управување и електронски услуги, на македонски јазик и јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните во Републиката.

Согласно член 34 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор, вработените во јавниот сектор, врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот или од раководното лице на институцијата, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во работите и работните задачи опишани во актот за систематизација на работните места на институцијата, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции.

Поради горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ДИРЕКТОР**
**м-р Даријан Сотировски**

Република Македонија Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи * Скопје *

Подготвил: Елена Стојанова

Доставено до:

- Именуваната
- Архива на КОВЗРГ
- Одделение за административна поддршка



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија